АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ISO 9001:2000 SGS

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

наш знак | допис бр. | дата
30-01-2015
03.02.2015

**ДО**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Ул"Македонија" 12/3**
**1000 Скопје**

11-246/1

Предмет: **Произнесување во врска со Нацрт Извештај**

Во врска со Вашиот допис бр. 11-202/6 од 25.11.2014 година со кој доставивте Нацрт Извештај за извршена ревизија на успешност, ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешна ревизија кај АДИССДП на РМ доставен од Државниот завод за ревизија, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје го дава следното мислење:

1. На страна 7 од Нацрт Извештајот во делот "Организациони облици", каде е наведено дека Акционерското друштво предметот на работење го врши преку Дирекција и 12 подружници, истакнуваме дека Акционерското друштво предметот на работење го врши преку Дирекција и 15 подружници, како што е наведено и во постојните тековни состојби на Акционерското друштво.
2. На страна 9 од Нацрт Извештајот во делот "Законска и подзаконска рамка" сметаме дека е потребно да се додадат и Законот за градење и Законот за градежно земјиште, додека во делот "Интерни акти", со оглед на фактот дека следните акти: Уредбата за критериумитеи методологијата за категоризација на становите и станбените згради, Уредбата за методологија за утврдување на вредноста на станот, како и методологија за утврдување на висината на закупнината, висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, просторните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп и закупот на станови за определена намена и Одлуката за услови и критериуми за распределба на станови изградени по "Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи" не се интерни акти, истите сметаме дека треба да се ставаат во делот:"Подзаконски акти."
3. На страна 27 од Нацрт-Извештајот во точка 2, во делот "Систем на интерни контроли во процесот на набавки" е наведено дека Одделението за јавни набавки треба да ја има координативната улога при изготвувањето на Планот за јавни набавки. Во оваа смисла истакнуваме дека секоја година Секторот за финансии, информатика и комерција доставува барање до сите сектори баратели за изготвување на Нацрт План за јавни набавки, секој во обласа на работењето и потребите на својот сектор по што целокупниот Нацрт Годишен План за јавни набавки го доставува до Одделението за јавни набавки за координација и проверка. Одделението за јавни набавки ги доставува сите евентуални забелешки до секторите, како и до Секторот за финансии, информатика и комерција во врска со Нацрт Годишниот план за јавни набавки пред разгледувањето на истиот на состанок на Одборот на Директори на Акционерското друштво. Одделението за јавни набавки секоја година учествува во проверката и координацијата на изготвувањето на Годишниот план за јавни набавки.

Архивски знак
Рок на чување: ______
______ 20__ год.
Потпис

4. На страна 29 од Нацрт-Извештајот во точка 2, во делот "Инвентарисување на средства и обврски" е истакнато дека работата на пописните комисии не е целосно усогласена со одредбите од Правилникот за начинот и роковите на вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба во неколку области. Во врска со наведеното, го истакнуваме следното:

- пописните комисии и централните пописни комисии за пописот од 2013 година користеа Упатството за попис донесено од претходните години кое во тој момент беше на сила, бидејќи новото упатство усогласено со трансформацијата на друштвото не беше донесено во тој момент.

- Централната пописна комисија на Акционерското друштво целосно изврши усогласување на утврдената состојба по попис со сметководствената состојба во трговските книги, што може да се потврди со збирниот заклучен лист во моментот на извршување на пописот и рекапитуларите изготвени од централната пописна комисија, а кои претходно беа усогласени со пописните листи, рекапитуларите и заклучните листови на подружниците. Истите се составен дел од пописот за 2013 година.

- Во врска со наведеното дека сите членови на пописните комисии не се потпишани на дел од изготвените пописни листи, прегледи, рекапитулари, извештаи и друг пописен материјал, истакнуваме дека можни се инцидентни случаи кога некој член од Пописната комисија не е потпишан на пописна листа или рекапитулар, но тоа е сигурно од оправдани причини : болест, сл. пат. и сл.

Напоменуваме дека од сите пописни комисии беа доставени прилог пописни листи од извршен физички попис, како прилог кон рекапитуларите

- Во врска со забелешката дека пописната комисија за попис на имот донесен од Агенцијата за приватизација не извршила попис на фактичка состојба на имотот и дека податоците во Извештајот за попис се врз база на увидот во евиденцијата на Секторот за деловни средства по основ на трансформација, напоменуваме дека пописната комисија немаше објективна можност за фактичко вршење на овој попис, а тоа е излегување на терен за увид на објекти на цела територија на Република Македонија кое попишување во изминатите пописи траеше минимум 5 работни дена. Имено, поради лошата состојба на возниот парк ( само една лека кола која се користи за сите потреби на нашето друштво) Комисијата не беше во можност да излезе на терен.

Во поглед на останатиот дел на Нацрт Извештајот, Акционерското друштво нема забелешки.

Со почит!

**ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР**
**Цветко Грозданов**

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката * СКОПЈЕ *